Уп. бр. 08-42

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД со регистрирано седиште на ул. Данденонг бр.1956, Клејтон, Викторија 3168, Австралија, доставено преку Адвокатско друштво Бачовски Синколи Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 12.04.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД со регистрирано седиште на ул. Данденонг бр.1956, Клејтон, Викторија 3168, Австралија ќе стекне единствена директна контрола над друштвото Н.П.Т. С.Р.Л. со регистрирано седиште на Виа Гуидо Росса бр.2, Валсамоглиа (БО), Болоња, Италија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 23.02.2023 година, а дополнето на ден 15.03.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД со регистрирано седиште на ул. Данденонг бр.1956, Клејтон, Викторија

3168, Австралија, со која ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД ќе стекне единствена директна контрола друштвото над Н.П.Т. С.Р.Л. со регистрирано седиште на Виа Гуидо Росса бр.2, Валсамоглиа (БО), Болоња, Италија по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД** е друштво кое произведува и продава, најмногу во Австралија и Нов Зеланд, декоративни бои, текстурни премази, заштитни премази, индустриски премази, премази во прав и облоги за нега на дрво за постоечки домови, нови станбени градби, комерцијални градби, инфраструктури и индустриски пазари. ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД е крајно контролирано од Ниппон Пеинт Холдингс Ко. Лтд, јапонско холдинг друштво кое има активности во индустријата на бои и премази.

ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД има регистрирано друштво во Република Северна Македонија и тоа Друштво за трговија и услуги ЈУБ ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Јане Сандански бр.79А-3, Скопје и регистрирана приоритетна дејност-трговија на големо со хемиски производи.

- **Н.П.Т. С.Р.Л.** е друштво кое е активно најмногу во Италија и Европа.Н.П.Т С.Р.Л. е активно во производство и продажба на лепила и заптивки.

Н.П.Т. С.Р.Л. има ограничен промет во Македонија и нема регистрирано присуство во земјата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**